ХЕРА

ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување

Франклин Рузвелт 51а/26,
1000 Скопје, Македонија

тел. +38923290395
факс. 02/ 2556002

**Право на учество и критериуми за утврдување на способноста на понудувачите**

## 1. Право на учество

Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно правно лице – понудувач кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со соодветните одговорности, наведени во повикот за прибирање понуди за изработка и емитување на видеоспотови.
Понудувачот може да учествува само во една понуда. Сите понуди ќе бидат отфрлени ако понудувачот:

- учествува во повеќе од една самостојна и/или како член во групна понуда или
- учествува како подизведувач во друга самостојна и/или како член во групна понуда.

Лицата кои учествувале во изработката на тендерската документација не смеат да бидат понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот.

## 2. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

2.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други давачки освен ако на економскиот оператор му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;



A Member Association of
IPPF International Planned Parenthood Federation
European Network

ХЕРА - Асоцијација за
здравствена едукација и
истражување

Франклин Рузвелт 51а/26,
1000 Скопје, Македонија

тел. +38923290395
факс. 02/ 2556002

- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција – забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

2.2. Способност за вршење професионална дејност

Понудувачот треба да е регистриран како правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка или да припаѓа на соодветно професионално здружение во согласност со прописите на земјата каде што е регистриран.

2.3. Техничка или професионална способност

Критериуми за утврдување на техничката или професионалната способност на понудувачот се: работни ангажмани во областа на образованието, родовата рамноправност и борбата против насилството и дискриминацијата, како и работа на кампањи на невладини организации.

**3. Начин на докажување на способноста на понудувачот**

Понудувачот го потврдува исполнувањето на критериумите за утврдување на личната состојба, професионалната дејност и професионалната способност со изјава која ја доставува во прилог на својата понуда и со поднесување на биографија. Овие обрасци ќе ги најдете во делот **8. Изготвување и поднесување на понудите**.



A Member Association of
IPPF International Planned Parenthood Federation
European Network